АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-250/5
20.11. 2020 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА



Ноември, 2020 година

Ул. Кеј 13-ти Ноември, ГТЦ кат 2, локал 2, зграда 4, влез 1, Скопје

++ 389 2  3 212 107

**info@ ap.mk**

www.ap.mk

**©Агенција за пошти Скопје**

*При користење на податоци од документите, извештаите, публикациите на Агенцијата за пошти потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА

ЗА ПРОГРАМАТА.....5

ВОВЕД..... 6

I. УНАПРЕДУВАЊЕНА РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ..... 6

II. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА.....7

III. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ.....10

IV. ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА.....12

V. НПАА АКТИВНОСТИ.....14

VI. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ.....14

VII. НАДЗОР.....15

VIII. СЛЕДЕЊЕ  И АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ.....16

IX. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ДОМАШНИ  ИНСТИТУЦИИ.17

X. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА.....19

XI. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА.....20

XII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ИНФОРМИРАЊЕ.....22

ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ ЗА 2021 ГОДИНА.....24

Иницијативите, заложбите за подобрување и реализирањето на основните цели на функционалност кои се во надлежност на Агенцијата за пошти се уште поголеми, доколку се има предвид поддршката која ја добивам од директорката, членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти и од вработените во Стручната служба, кои секогаш се на висина на задачата која им е доверена.

Голема благодарност до директорката, членовите на Комисијата и вработените во стручната служба на Агенција за пошти за нивниот професионален ангажман и посветеност при изготвување на Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2021 година.

***Со почит,***

Борче Груевски

# ЗА ПРОГРАМАТА

Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата) има законска обврска секоја година до основачот Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа во точно утврдени рокови во тековната за наредната календарска година.

За реализација на планираните активности потребна е Одлука за одобрување на Програмата, која Собранието на Република Северна Македонија ја донесува непосредно пред започнување на календарската година на која се однесува истата.

**Во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2021 година** се утврдуваат мерките и активностите кои ги имплементира Агенцијата во насока на уредување на својата работа и иницијативите кои ги презема со цел развој и унапредување на пазарот на поштенските услуги и промовирање на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, како и заштита на правата на крајните корисници.

Имајќи ги предвид основите за следење на развојот на пазарот на поштенските услуги, заложбите за целосна ЕУ интеграција, и спроведување на примена на националните и меѓународните стандарди и прописи во областа на поштенските услуги, односно потребата од примена на високи стандарди при регулацијата, нашите постулати во наредната година ќе бидат:

***Овозможување на конкуренција во областа на поштенските услуги според објективни, транспарентни и недискриминаторни услови***

***Обезбедување на реален развој на пазарот на поштенските услуги***

***Објективна и навремена заштита на корисниците на поштенските услуги***

***Зајакнување на човечкиот потенцијал***

Успешната имплементација на оваа Годишна програма ќе подразбира:

➞ ***Прво,*** целосна имплементација на законските надлежности, согласно постојната регулатива, предлози за унапредување на регулативата и зајакнување на надзорот над давателите на поштенските услуги со цел проверка на усогласеноста на нивното работење со Законот и прописите, во насока на постигнување на конкурентност и висок пазарен интегритет;

➞ ***Второ,*** постигнување на поголема стручност и експертиза од страна на ангажираниот човечки потенцијал, регрутирање на нов стручен кадар, согласно финансиските средства, предвидени за таа намена во Финансискиот План за 2021 година;

➞ ***Трето,*** унапредување на меѓународната соработка и зајакнување на соработката со домашни институции.

## НАША МИСИЈА

√*промовирање на ефективна и одржлива конкуренцијата и обезбедување на фер пазарни услови во секторот;*

√*креирање на модерен и ефикасен поштенски сектор, кој ќе нуди квалитетни поштенски услуги и ќе даде значителен придонес за понатамошен економски развој во земјата, и*

√*заштита на правата на корисниците на поштенските услуги.*[1]

## НАША ВИЗИЈА

☞ Агенцијата за пошти, како независно регулаторно тело, посветено на потребите на поштенскиот пазар, со одржлива регулација на поштенските услуги, како и заштита на правата на корисниците.[2]

[1] http://ap.mk/mk/informacija-agencija-za-posti
[2] http://ap.mk/mk/informacija-agencija-za-posti

# ВОВЕД

Агенцијата има правен статус на независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, правно лице основано со закон, со јавни овластувања и надлежности пропишани со Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 107/2020).

Во согласност со своите надлежности и актуелните трендови во развојот на поштенскиот пазар, следствено на тоа и на поштенските услуги, но и потребите на давателите на поштенските услуги и крајните корисници, Агенцијата утврди:

**12 стратешки приоритети за 2021 година**

## I. УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

1. Со цел унапредување на регулаторната рамка за поштенските услуги, Агенцијата учествува во активностите кои се поврзани со донесување на нов Закон за поштенските услуги. Донесувањето на новиот Закон за поштенските услуги се очекува во првата половина на 2021 година. По донесување на законот, Агенцијата ќе превземе низа регулаторни активности кои ќе произлезат од новите законски решенија.
2. Агенцијата ги изработува и донесува подзаконските акти со кои се уредуваат прашања од надлежност на Агенцијата во поштенската област. Примарна активност по стапување на сила на законот е донесување на подзаконски правни акти од надлежност на Агенцијата во роковите утврдени со материјалниот закон.

**Фаза 1** Правилник за содржината и формата на нотификацијата и потребната документација која се доставува со нотификацијата.

**Фаза 2** Правилник за начинот на водење на посебно сметководство на давателот на универзалната услуга.

Фаза 3 Правилник за видовите на финансиски податоци поврзани со обезбедувањето на поштенските услуги и начинот на нивното доставување до Агенцијата.

3. Во насока на следење на состојбата и развојот на пазарот на поштенските услуги, Агенцијата двапати годишно ги собира сите податоци од давателите на поштенските услуги. Се собираат, споредуваат и проверуваат податоците за обемот, остварените приходи од поштенските услуги, број на вработени, поштенската мрежа, и други податоци согласно Законот и меѓународните прописи. Агенцијата ќе води СЛЕДЕЊЕ/Потсетник за давателите на поштенските услуги со цел континуирано следење на исполнување на сите обврски на давателите на поштенските услуги согласно Законот. Во таа насока, Агенцијата ќе ја проверува усогласеноста на изменетите и дополнети Општи услови на давателите на поштенските услуги, ќе наложува измени на истите доколку не се во согласност со Законот и ќе ги следи останатите промени за кои давателите се должни да ја известат Агенцијата.

## II. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

АД Пошта на Северна Македонија – Скопје во државна сопственост, како давател на универзална услуга има обврска да ја обезбедува универзалната услуга на целата територија на Република Северна Македонија, постојано, со утврден квалитет и по пристапни цени за сите корисници.

**Континуирано следење на обезбедувањето на универзалната услуга**

1.1. ***Извештај за степенот на усогласеност на давателот на универзалната услуга со обврските за обезбедување на универзалната услуга***

Агенцијата за пошти континуирано и во претстојната година ќе ја практикува една од своите клучни надлежности, следејќи ја работата на давателот на универзалната услуга, при обезбедувањето на универзалната услуга, и степенот на имплементација на сите зададени обврски. Ова особено преку следење на исполнување на принципите во поглед на условите за достапноста, зачестеност и континуитет, на усогласеноста со целите за квалитет на услугите, на правата на корисниците, рекламации и приговори од корисници, понатаму ex post регулација на цените на

услугите од опфатот на универзалната како и надзор над спроведување на Законот и прописите кои произлегуваат од истиот.

### 1.2. *Извештај со анализа на состојбите за вистинските потреби на корисниците на универзалната услуга*

Анализата ќе содржи правна рамка, компаративни податоци од поштенскиот пазар во рамките на Европската Унија, поткрепени со резултатите од истражување за потребите на корисниците кое е реализирано во 2020 година. Истата ќе содржи препораки кои ќе бидат во насока на евентуално усогласување на правната рамка во делот на принципите на универзалната услуга како и заклучоци за вистинските потреби на корисниците.

### 1.3. *Цени и финансирање на универзалната услуга*

Системот на регулација на цени за универзалната услуга креиран да соодејствува со јавниот интерес (единствени цени на цела територија, или цена заснована на трошоци која обезбедува ефикасност за т.н. единечни писмоносни пратки и попусти за големи корисници формирани на недискриминаторска основа), секако дека е далеку од принципот дека цените се одраз на нормалните пазарни услови.

Експертизите на Агенцијата за пошти, како и добрите европски практики, за одржување на финансиската стабилност на универзалната услуга, покажуваат дека е неопходно de lege ferenda да се применува системот на државна помош, како инструмент за компензација на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга наспроти концептот на компензациски фонд предвиден во Законот. Оттаму, во следната измена на Законот, Агенцијата ќе предложи системот на државна помош да стане законско решение.

### 1.4 *Анализа на ценовна политика на давателот на универзалната услуга*

Со цел подготовка за практикување на надлежноста на Агенцијата за регулација на цените во услови на либерализиран пазар, ќе се спроведат активности - прибирање податоци за примената на цените, за начинот на формирање на цените, ќе се анализира усогласеноста на постојните цени со прописите,со пазарни и економски параметри. Во таа насока ќе се изработи Извештај со наоди и заклучоци и ќе се дадат препораки за евентуални натамошни активности за отворање постапка за ex post регулација на цени

и/или за изработка на Методологија за регулација на цените, во наредниот период.

1.5. ***Следење на состојбата и промените во поштенската мрежа*** (во насока на стандардизација и модернизација на поштенската мрежа на давателот на универзалната услуга) како што се поштенските единици и други точки за пристап, како и утврдување на потребите од поголема густина на поштенската мрежа од аспект на очекуваната либерализација на пазарот на поштенски услуги.

1.6 ***Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга.***

Имплементацијата на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга е предуслов, односно е во директна корелација со регулацијата на цените на универзалната услуга, регулацијата на цените за пристап до поштенската мрежа, пресметувањето на нето трошоци за универзалната услуга и утврдување и санкционирање на евентуалното внатрешно субвенционирање на другите услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга, со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга.

Агенцијата во 2021 година планира низа активности кои се поврзани со следењето и контролата на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга и тоа:

- Имплементација на препораките од Твининг проектот за Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ, од делот кој се однесува на утврдување на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци на давателот на универзалната услуга, како и модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и модел за регулација на цените на универзалната услуга;
- Следење на европските искуства и пракси при имплементацијата на овој систем, проблемите кои може да ги предизвика и изнаоѓање на предлози и решенија за истите;
- Изработка на анализи и извештаи врз основа на моментално расположливите податоци за трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга;

- Соработка со давателот на универзалната услуга и пренесување на знаењата и искуствата;
- Ангажирање на надворешна и независна ревизорска куќа која ќе треба да изврши ревизија на усогласеноста на предложениот систем за посебно сметководство со законските барањата, во случај кога давателот на универзалната услуги би доставил до Агенцијата предлог систем.

Целта на овие активности е имплементација на систем за посебно сметководство и алокација на трошоци од страна на давателот на универзалната услуга кој реално ќе ги прикаже структурата на трошоци, технолошкиот процес и цената на чинење на поштенските услуги и кој би добил согласност од Агенцијата, врз основа на позитивната оценка на надворешна и независна ревизорска куќа која треба да изврши ревизија на усогласеноста на предложениот систем за посебно сметководство со барањата на Законот за поштенските услуги, Правилникот за начинот на водење на посебно сметководство на давателот на универзалната услуга и препораките на Европската директива за поштенски услуги.

### 1.7. *Мерење на квалитетот на обезбедување на универзалната услуга*

Давателот на универзалната услуга согласно Законот за поштенските услуги и подзаконските акти е обврзан да врши мерење на времето на пренос на единични поштенски пратки на годишно ниво преку независна компанија, а добиените податоци да ги достави до регулаторот.

Мерењето на квалитет на обезбедување на универзалната услуга е една од мерките за подобрување на успешноста на спроведување и понуда на услугата од страна на давателот на универзалната услуга. Во 2021 година, Агенцијата согласно законските обврски, во соработка со давателот на универзалната услуга, ќе работи на спроведување на активноста.

## III. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ

Обезбедувањето на јасни и целосни информации за условите на пристап и користење на поштенските услуги, но и ефикасно постапување по преставките и управните приговори за работењето на давателите на поштенските услуги, е континуиран приоритет на Агенцијата во насока на унапредување на достапноста и квалитетот на поштенските услуги за сите корисници.

Во таа смисла, важно е и превентивното дејствување на Агенцијата спрема корисниците на поштенските услуги во насока на нивно информирање и едуцирање, при што Агенцијата користи различни начини за комуникација и редовно објавување на информации од интерес на корисниците на поштенските услуги.

Оттаму, во насока на исполнување на законските цели на Агенцијата за пошти, заштитата на интересите на корисниците на поштенските услуги континуирано ќе ја подобрува преку:

1. **Изготвување на Прирачник за поднесување на управен приговор до Агенцијата за пошти**

2. **Изготвување на Прирачник за поднесување на претставка до Агенцијата за пошти**

Со информациите од овие Прирачници, на корисниците ќе им биде поедноставено составувањето на претставката или управниот приговор, бидејќи на некој начин тие ќе бидат насочувани од Агенцијата за тоа кои се неопходни информации, податоци и писмени докази треба да ги достават и приложат при поднесување на претставката/приговорот. Истите ќе бидат достапни во електронска форма на веб -страницата на Агенцијата.

3. **Извештај за поднесени рекламации кај давателите на поштенски услуги за последните три години (2018, 2019 и 2020 година)**

Заради континуирано следење, анализирање и преземање на активности во насока на подобрување на квалитетот на поштенските услуги и заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги, Агенцијата и во 2021 година врз основа на доставени податоци од давателите на поштенските услуги ќе изготви Извештај за поднесени рекламации кај давателите на поштенски услуги за последните три години.

4. **Кампања за подигнување на јавната свет на граѓаните за нивно соодветно информирање пред он-лајн пазарење**

За да се подигне јавната свест на корисниците на поштенските услуги за правата кои законски им се загарантирани, односно им укаже кои правни средства ги имаат на располагање и како истите да ги процесуираат, а воедно и како да го подобри својот визуелен идентитет, Агенцијата во 2021 година ќе промовира веб-кампања за подигнување на

јавната свест на граѓаните/корисниците за нивно соодветно информирање пред on line купување.

Ќе се креираат идејни решениа кои ќе содржат информации кои ќе треба да се пласираат пред јавноста и истите ќе бидат изработени соодветно како графички дизајн-илустрации (векторски формат или друго), искористени за подготвување на веб - банери и видеа кои ќе бидат поставени на повеќе национални интернет портали.

## IV. ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА

Целосна либерализација на поштенскиот сектор е процес за кој се залага Агенцијата за пошти уште од своето формирање во 2008 година.

Причините за ваквата заложба произлегуваат од промените кои настануваат на глобално ниво, во делот на промена на понудата и побарувачката на услугите во поштенскиот пазар.

***Агенцијата за пошти како регулатор на поштенскиот сектор има надлежност да ја олесни либерализацијата на пазарот и да ја промовира конкуренцијата, а при тоа и да осигура обезбедување на универзалната услуга.***

Препораката во Извештајот од Европската Комисија е отворање на пазарот на поштенските услуги, притоа укажувајќи дека со повторното одложување на либерализација не се креираат еднакви услови за сите даватели на поштенските услуги кои работат на пазарот.

Наспроти повторното продолжување на "ексклузивното право на давателот на универзална услуга да обезбедува резервирани поштенски услуги",[3] Агенцијата цени дека давателот на универзалната услуга треба да се прилагоди на европските стандарди и акцентот да го стави на поголемо учество на пазарот на пакети како најбрзорастечки сегмент од поштенскиот пазар и зголемување на понудата на услугите согласно побарувањата, и на тој начин соодветно да се справи со конкуренцијата.

Либерализираниот пазар ќе значи и создавање на можност корисниците да користат нови форми на услуги со пониски цени, достапни но и со повисок квалитет, обезбедени и од давателот на универзалната услуга но и од другите поштенски даватели. Воедно, либерализираниот пазар ќе нуди предности не само за корисниците на поштенските услуги туку и за давателите на поштенските услуги. Основен предуслов за

---

[3]член 92 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 107/2020)

креирање на вакви услови е отстранување на сите законски бариери и усогласеност на законодовството согласно пазарните механизми.

**1. Новите прекугранични услуги**

Создавање на единствен пазар на поштенски услуги е заедничка цел на сите земји членки на Европската Унија, со обезбедување на соодветна регулативна рамка преку која ќе се обезбедат ефикасни, достапни, квалитетни поштенски услуги за сите корисници по пристапни цени. Обврска за сите земји во насока на постигнување на оваа цел е усогласување на домашното законодавство со европското законодавство, а со тоа и дефинирање на законските регулативи кои овозможуваат еднакви услови за користење на поштенските услуги.

Со примена на регулативата за прекугранична достава на пакети се постигнува поголема транспарентност и достапност во однос на тарифите кои ги нудат давателите на поштенските услуги и обемот на остварување на поштенските услуги за услугите од е-трговијата.

Со прифаќање на новата регулатива во нашето законодавство ќе им се овозможи на корисниците на објективен и транспарентен начин да можат да избираат даватели на поштенски услуги согласно цената и понудениот квалитет.

Во новиот Закон за поштенските услуги ќе се имплементираат и одредбите од оваа регулатива, а со самото тоа на корисниците на поштенските услуги ќе се овозможи пристап до базата поштенските услуги понудени на европскиот либерализиран поштенски пазар.

**2. Развојот на Е-трговијата и поштенскиот сектор**

Во време кога дигатилизацијата и е-трговијата се во полн ек, кога присутноста на е-продавниците се зголемува, неизбежно е да се истакне дека македонскиот поштенски сектор и во обемот на пакетските услуги и во приходи бележи значителен пораст. Новите трендови и навиките на граѓаните за купување од далечина влијаат на развојот на конкуренцијата и во поштенскиот сектор.Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар забележително својата работа ја концентрираат во делот на обезбедување на услугата пакети, што е и очекувано, со оглед на трендот на зголемување на обемот на оваа услуга и на пазарот на поштенските услуги во другите земји, под влијание на развојот на електронската трговија.

Во овие услови, активностите на Агенцијата за 2021 година неминовно се поврзани со следење на перфомансите на давателите на поштенските услуги, во овој сегмент од поштенскиот пазар.

## V. НПАА АКТИВНОСТИ

Еден од приоритетите на Агенцијата за пошти ќе биде продолжување на процесот на реформи во поштенската област со вградување и имплементирање на забелешките нотирани во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија во процесот на пристапување во ЕУ. Процесот на воведување на целосна либерализација и создавање на фер пазарни услови за работа за сите чинители во поштенскиот сектор ќе биде една од клучните цели и активности на Агенцијата за пошти.

Сразмерно на активностите за воведување на либерализација ќе се работи и на понатамошно усогласување на домашното законодавство со европското законодавство, со примена на последната регулатива на Европскиот парламент и Советот на ЕУ за прекугранична достава на пакети.

## VI. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ

Агенцијата во текот на 2021 година ќе продолжи да врши темелна и сеопфатна анализа на правните субјекти кои ќе аплицираат за Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги – лиценца, со цел да станат учесници и да им се овозможи пристап до пазарот на поштенските услуги. Тоа ќе значи континуирано постапување по поднесени Нотификации за издавање Општо овластување од нови правни субјекти заинтересирани за работа на пазарот во делот на пакетските и писмоносните услуги.

Во оваа насока, планирано е да се донесат измени на неколку правилници со кои ќе се обезбеди подобрување на постоечките подзаконски акти од аспект на зајакнување на критериумите за капацитетот и инфраструктура, на потенцијалните правни субјекти кои ќе работат на пазарот на поштенските услуги.

Информативни и работни состаноци со заинтересирани правни и физички лица, со цел на субјектите да им се приближат правните и оперативните аспекти на поштенскиот бизнис, обврските и правата на

лиценцираните даватели и на корисниците на поштенските услуги, и следната 2021 година ќе бидат редовна активност на Агенцијата за пошти.

## VII. НАДЗОР

### 1. Надзор на пазарот на поштенски услуги

Активностите на Агенцијата ќе бидат насочени кон зајакната супервизија на пазарот на поштенските услуги со цел да се откријат и да се превенираат злоупотреби на пазарот од аспект на недозволено работење на правни субјекти кои немаат добиено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги.

### 2. Надзор на давателите на поштенските услуги

Врз основа на член 73 став 3 од Законот за поштенските услуги, директорката на Агенцијата за пошти донесува Годишна Програма за вршење надзори. Надзорот ќе се врши над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него.

Притоа, се планира да се вршат и редовни увиди/контроли над давателите на поштенските услуги, со цел да се провери работењето во одредени сегменти од нивните активности, како и нивото на усогласеност со постоечката легислатива и Општите услови за обезбедување поштенски услуги.

### 3. Заеднички контроли со други институции

Во 2021 година е планирано да се вршат заеднички контроли врз давателите на поштенските услуги со други инспекциски органи. Согласно проекциите, планирано е да се извршат контроли заедно со Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи, за услугите кај кои цената за стоката која се доставува, давателите на поштенските услуги ја наплатуваат во готови пари (кеш) од примачите, односно услуги за т.н. пратки со откупнина.

# VIII. СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ

## 1. Истражување на пазарот на поштенските услуги

Истражувањето на потребите на корисниците на поштенските услуги е активност која треба да се спроведува во континуитет, секоја година, преку кое се добиваат сознанија за тоа дали потребите на корисниците на поштенските услуги се во соодност со услугите кои ги нуди давателот на универзалната услуга и тоа во поглед на достапност, цена, квалитет, опфат и слично. Резултатите од ова истражување ќе придонесат за иницирање на нови активности на Агенцијата преку кои би се придонело за подобрување на корисничкото искуство при користење на поштенските услуги.

## 2. Статистички податоци, анализи и препораки за собирање на податоци во поштенскиот сектор

Препораките за собирање на податоци поврзани со давателите на поштенските услуги доаѓаат од директивите за поштенските услуги. Статистичките податоци се користат за резимирање и опишување на квантитативни податоци, кои искажани преку табели и графикони се користат за визуелно прикажување на обработените податоци.

Статистиката за поштенските услуги се користи за да се даде приказ на видовите на поштенски услуги, остварен обем, приходи и расходи, како и други информации поврзани со бројот на вработени лица во поштенскиот сектор. Користејќи различни извори на прибирање и анализа на податоци, се овозможува како на давателите на поштенски услуги, така и на регулаторот планирање на поефикасни процеси кои ќе ги подобрат оперативните перфоманси, подобрување на услугите за корисниците и креирање на нови производи и услуги.

## 3. Подготовка на полугодишни извештаи за пазарот на поштенските услуги

Во 2021 година, Агенцијата ќе започне со подготовка на полугодишни Извештаи за состојбата на пазарот на поштенските услуги, кој ќе претставуваат инструмент за согледување на движењата на пазарот, како и на активностите на регулаторот, односно алатка за добивање на информации при носење на регулаторни одлуки.

4. **Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија**

Заради континуирано следење, анализирање и преземање на активности во насока на подобрување на квалитетот на поштенските услуги и заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги, Агенцијата и во 2021 година врз основа на доставени податоци од давателите на поштенските услуги ќе изготви Статистички извештај за поштенските активности. Овој извештај по изготвување на транспарентен начин се презентира на јавна седница пред сите заинтересираните страни во овој сектор. Годишните статистички извештаи се јавно достапни на веб страната на Агенцијата за пошти хттп://њњњ.ап.мк/ап.мк/инфо/известаи.

## IX. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ

### ❶Соработка со Министерството за транспорт и врски

Агенцијата ќе ја продолжи соработката со надлежното Министерство за транспорт и врски во делот на изготвување на законската регулатива од областа на поштенската дејност, како и на Стратегијата за развој на поштенските услуги.

### ❷Соработка со Царинската Управа, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи

Продолжување на соработката со делот на решавање на проблемот со сивата економија во поштенскиот сектор и со начинот на работење со готовина при достава на пратки со откупнина, односно изнаоѓање решенија за унапредување на регулативата и практики согласно новите пазарни трендови во насока на креирање посоодветна и сигурна деловна клима за раст на пазарите на поштенски услуги за пакети.

### ❸Соработка со Нотарската Комора на Република Северна Македонија

Со цел подигнување на нивото на меѓуинституционалната соработка со Нотарската комора, (која ќе биде во насока на адресирање на предизвиците и проблемите, но и изнаоѓање решенија за унапредување на праксата во двата сектора - нотаријатот како масовни испраќачи на пошта

и поштенскиот сектор, кои се неопходно поврзани во пазарниот сегмент за писма) планираме склучување на Меморандум за соработка во кој ќе бидат опфатени наведените прашања.

**❹Соработка со единиците на локалната самоуправа и Агенцијата за катастар на недвижности**

Интензивирање на меѓуинституционалната соработка која ќе резултира со целосна имплементација на адресниот систем во насока на поквалитетна достава на поштенските пратки.

**❺Соработка со давателите на поштенски услуги**

Во насока на промоција и јакнење на конкуренцијата во оваа економска област, Агенцијата за пошти е отворена за соработка, координација и консултаци и со давателите на поштенските услуги.

Агенцијата и во 2021 година ќе одржува и тематски редовни состаноци со давателите на поштенски услуги за регулаторни барања, за карактеристиките на одредени видови поштенски услуги и други прашања од интерес за работата на конкуренцијата во секторот.

Агенцијата ќе презема активности за презентација и афирмација на работата на давателите на поштенски услуги и поштенските професионалци, со цел доближување на поштенската работа на пошироката јавност преку презентирање на добрите практики и примери на успешно работење.

Во оваа насока ќе се врши следење на цените на резервираните услуги кај давателите на поштенските услуги со Општо овластување, односно дали истите се 2,5 пати повисоки од цената на давателот на универзална услуга во прва тежинска стапка, се до укинувањето на ексклузивното право на давателот на универзалната услуга да обезбедува резервирани поштенски услуги.

**❻Соработка со медиуми**

Соработката со медиумите е неопходна со цел да се обезбеди целосна информираност за надлежностите на Агенцијата, како и подетално запознавање со работата на Агенцијата и нејзините натамошни планови и активности кои се однесуваат на македонскиот поштенски пазар, растот и пролиферацијата на корисниците на услугите, други новини во дејноста.

## X. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Активностите ќе се одвиваат во насока на размена на искуства и стекнување на знаења, учество во работата на меѓународни организации и билатерални односи со други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги и други меѓународни настани како конференции, форуми и саеми поврзани со поштенските услуги.

### *①Соработка со Европската група на поштенски регулатори (ERGP)*

Агенцијата за пошти и во 2021 година, во насока на понатамошна хармонизација на националната регулатива во делот на поштенските услуги преку стекнување на искуства и знаења, како и компаративни анализи од најдобрите европски пракси континуирано, ќе партиципира на работните групи – ERGP, во рамките на институционалните можности и тоа:

- ERGP RegulatoryFramework WG/Работна група за **регулаторна легислатива**
- ERGP Cross-border parcel delivery WG/Работна група за **прекугранична достава на пакети**
- ERGP Regulatory Accounting WG/Работна група за **регулаторно сметководство**
- ERGP Market Indicators WG / Работна група за **пазарни индикатори**.
- ERGP Access WG / Работна група за **пристап**.
- ERGP Strategy WG / Работна група за **стратегија**.

### *②Соработка со Светскиот поштенски сојуз (UPU)*

Активностите на Агенцијата за пошти ќе бидат насочени кон анализирање и имплементирање на актите донесени од страна на Сојузот, со акцент на Светската поштенска конвенција и Правилниците за писмоносни услуги и пакети донесени врз основа на истата.

### *③Соработка со Европскиот комитет за поштенски регулации (CERP)*

Агенцијата за пошти и во 2021 година активно ќе учествува во работните активности на Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP). Активностите во CERP како едно од работните тела на Европската конференција за пошти и телекомуникации (CEPT), пред сѐ, се насочени кон

регулаторните прашања од областа на поштенските услуги и воспоставување на неопходна соработка со Европската унија, како и воспоставување на односи со релевантни тела од областа на поштенските услуги.

Агенцијата за пошти учествува во активности на:

- Работната група за поштенска политика и
- Работната група од прашања за UPU.

***④Учество на меѓународни конференции и настани од областа на регулација на пазарот на поштенски услуги***

Организирање и учество на меѓународни конференции и настани од областа на регулација на пазарот на поштенски услуги претставува можност преку дискусии и стручни трудови да се стекнат искуства и да се осознаат нови тенденции на развојот на пазарот на поштенските услуги на регионално и светско ниво.

***⑤Регионална и билатерална соработка***

Агенцијата ја ќе продолжи континуираната соработка со другите регулаторни тела на пазарот на поштенските услуги за поддршка на активностите за продлабочување на интеграцијата на целиот регион.

***⑥ TAIEX Апликациии***

Во 2021 година ќе следи реализација на проектот за подобрување на капацитетите на Агенцијата за пошти во делот на анализа на пазарот на поштенските услуги. Тоа ќе значи и продолжување на одличната соработка на Агенцијата со Делегацијата на Европска Унија во Скопје и Секретаријатот за европски прашања, во насока на искористување на расположливите средства од ЕУ фондовите, со цел зајакнување на независноста и институционалните капацитети на нашата институција.

## XI. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Со динамичниот развој на пазарот на поштенските услуги се развива и улогата и значењето на Агенцијата со што се нагласува потребата да го прошириме капацитетот и ефективноста на нашата институција.

Врз основа на проценка на стратешките цели и приоритети на Агенцијата, анализа на стручноста и компетентноста на постојните вработени и проценка на потребата од идни вработувања со цел рационално искористување на финансиските средства и зајакнување на човечкиот потенцијал поради зголемен обем на работа и активности, Агенцијата подготви и донесе Годишен план за вработување, имајќи го предвид принципот на соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници. За 2021 година се планира кадровско доекипирање на стручната служба и зајакнување на делот за вршење надзор со формирање на посебна организациона единица.

Во таа насока изработена е Функционалната анализа врз основа на која се донесоа нови Правилници за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Агенцијата, со кои е воспоставен одличен оперативен модел со ефикасна структура на вработени со соодветни знаења и вештини, кои одговораат на современите барања на поштенскиот пазар, а за да можат вработените во иднина да одговорат на потребите на работното место на кое се наоѓаат. Агенцијата континуирано ќе продолжи да се грижи за нивниот професионален развој, бидејќи најголемата инвестиција за Агенцијата се самите вработени, а нејзиниот успех зависи од успехот на сите вработени поединечно и на тимот како целина.

Успехот на организацијата тесно е поврзан со соодветните инфраструктурни, технички и работни услови. Праксата покажува дека просторните услови и техничко технолошката опременост се главен предуслов за непречено извршување на работните задачи и за успешно функционирање на организацијата.

Отука, за извршувањето на активностите од надлежност на Агенцијата, планирани за 2021 година, потребно е постигнување на соодветно ниво на материјална и техничка опременост. Во годината која претстои, Агенцијата ќе се доопремува врз основа на реалните потреби за секојдневно нормално одвивање на работните процеси.

**☑Планирање и спроведување на процесот на стручното усовршување на вработените**

Агенцијата ќе продолжи да инвестира во обуката и образованието на вработените, кој претставува континуиран процес на инвестирање во идната перспектива на Агенцијата. Во таа насока, Агенцијата ќе го донесе Годишниот план за обуки за 2021 година на административните службеници во стручната служба на Агенцијата за пошти, кој ќе обезбеди систематски приод во координацијата, планирањето и спроведувањето на

процесот на стручното усовршување на вработените, како и ќе помогне во процесот на утврдување на насоките за развој на човечкиот капитал, потребен за успешна реализација на поставените цели на Агенцијата.

**☑Градење на тимски дух и создавање на добра работна средина**

Агенцијата ќе започне со организирање на тим билдинг настани кои претставуваат успешна функционална алатка за добро менаџирање со човечките ресурси и за градење на тимскиот дух. На тој начин ќе се овозможи зголемување на мотивацијата кај вработените за постигнување на заедничката цел, личен развој, зајакнување и подобрување на ефикасноста на тимот, зајакнување на довербата кај членовите на тимот исл.

**☑Меѓусекторска соработка и комуникација**

Придобивките од одлична комуникација и соработка меѓу вработените на работното место се многубројни, па затоа Агенцијата ќе настојува и во иднина вработените од различни директорати да работат на заеднички проекти и задачи, со цел да се користат различни способности и компетенции во рамките на поединечните компоненти. Ваквите меѓусекторски работни групи го подобруваат учењето на нови вештини и го поддржуваат индивидуалното учење и развој на секое ниво.

**☑Воведување на ISO 9001 стандард**

ISO 9001 е меѓународен стандард за системите за управување со квалитет издаден од ISO организацијата, чија примарна цел е задоволството на корисниците. Со воведување на стандардот ќе ја зголемиме ефикасноста на управувањето со квалитет и на тој начин постојано ќе ги подобруваме перфомансите на работните процеси во Агенцијата.

## XII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ИНФОРМИРАЊЕ

Агенцијата како независно регулаторно тело ја одржува и развива континуиранта двосмерна комуникација со јавноста. Информирањето и комуницирањето ќе се спроведува на начин кој ќе го поттикнува активното учество на корисниците на услугите и јавноста. Транспарентноста се обезбедува со утврдените одредби и активности предвидени со Законот за поштенските услуги и интерни акти на Агенцијата.

Во таа насока, се и јавни седници на Агенцијата на кои ќе информира за своите завршени и идни активности кои се во насока на промовирање на правата на корисниците, потоа за квалитетот на универзалната услуга, како и за дејностите кои се од делокругот на целокупното работење на Агенцијата.

## ①Слободен пристап до информации од јавен карактер

Агенцијата смета дека транспарентноста и отчетноста се концепт на професионално и одговорно управување. Принципот на отчетност подразбира дека институциите се одговорни пред граѓаните за своите одлуки и акции, а транспарентноста, пак, значи дека овие одлуки се отворени и достапни заради мониторинг од граѓаните кои имаат право на пристап до тие информации. Затоа, пристапот до информациите е клучна компонента при функционирањето на институцијата. Смислата на пристапот до информациите е да и овозможи на јавноста да види како работи институцијата.

## ②Награда за најдобра сторија на тема од пазарот на поштенски услуги

Агенцијата ќе распише конкурс за доделување на награда за најдобра сторија, есеј или научен истражувачки труд на актуелни теми од областа на пазарот на поштенските услуги.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ ЗА 2021 ГОДИНА

Агенцијата за пошти тргнувајќи од планираните активности и задачи предвидени во Програмата за работа за 2021 година, изготви Финансиски план за 2021 година во кој е извршена проценка на расходите и приходите потребни за реализација на истите, а во насока на извршување на надлежностите утврдени со Законот за поштенските услуги.

Финансискиот план за 2021 година е изготвен согласно член 23 од Законот за поштенските услуги во кој се содржани детални податоци (по аналитички конта) за предвидените приходи и трошоци за 2021 година и споредбени показатели на предвидените приходи и расходи за 2021 и 2020 година.

Во прилог ги презентираме:

①Финансискиот план за 2021 година;

②Споредбените показатели за планираните приходи и расходи за 2021 и 2020 година, и

③Образложението за Финансискиот план и Споредбените показатели.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2021 година

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2021 |
|---|---|---|
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2,900,000.00** |
| **720** | **Приходи од камати** | **2,895,000.00** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2,895,000.00 |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 |
| 75 | **Сопствени приходи** | **24,000,000.00** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **24,000,000.00** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 24,000,000.00 |
| 76 | **Други приходи** | **1,600,000.00** |
| **760** | **Други приходи** | **1,600,000.00** |
| 7600 | Други приходи | 1,600,000.00 |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **4,500,000.00** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **4,500,000.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 4,500,000.00 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 33,000,000.00 |

### 1. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2021 |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2,913,000.00 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **413,000.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 72,000.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 100,000.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 50,000.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 25,000.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 16,000.00 |
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 |
| 40013 | Стручна литература | 50,000.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 60,000.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **430,000.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 290,000.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 140,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **403** | **Други услуги** | **610,000.00** |
| 40301 | Пошта | 45,000.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 10,000.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 42,000.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 60,000.00 |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 41,000.00 |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 180,000.00 |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 61,000.00 |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 36,000.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 36,000.00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 36,000.00 |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25,000.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **450,000.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 220,000.00 |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 230,000.00 |
| **408** | **Наемнини** | **985,000.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 985,000.00 |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 9,784,000.00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **58,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 48,000.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10,000.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **60,000.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,500,000.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **800,000.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **6,000.00** |
| **416** | **Членарини** | **4,000.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **7,050,000.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 20,000.00 |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 72,000.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 362,000.00 |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 61,000.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,880,000.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 180,000.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 144,000.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 180,000.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 812,000.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 181,000.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 300,000.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,858,000.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **306,000.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 300,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 5,000.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 1,000.00 |
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **941,000.00** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **360,000.00** |
| **441** | **Средства за опрема** | **581,000.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 155,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 180,000.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 61,000.00 |
| 4410 | Средства за останата опрема | 185,000.00 |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **18,850,000.00** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **18,850,000.00** |
| 4600 | Основни плати | 12,420,000.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 6,430,000.00 |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **512,000.00** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **512,000.00** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 320,000.00 |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 16,000.00 |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 14,000.00 |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 162,000.00 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **33,000,000.00** |

| | |
|---|---|
| **останати расположливи средства** | **0.00** |

Споредбени показатели на планиран финансиски план за 2021 и 2020 година

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2021 | Планиран износ 2020 | споредбен показател на планирани приходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 2,900,000.00 | 2,500,000.00 | 116.00% |
| 720 | Приходи од камати | 2,895,000.00 | 2,495,000.00 | 116.03% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 5,000.00 | 100.00% |
| 75 | Сопствени приходи | 24,000,000.00 | 24,000,000.00 | 100.00% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 24,000,000.00 | 24,000,000.00 | 100.00% |
| 76 | Други приходи | 1,600,000.00 | 1,800,000.00 | 88.89% |
| 760 | Други приходи | 1,600,000.00 | 1,800,000.00 | 88.89% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 4,500,000.00 | 3,700,000.00 | 121.62% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 4,500,000.00 | 3,700,000.00 | 121.62% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 33,000,000.00 | 32,000,000.00 | 103.13% |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2021 | Планиран износ 2020 | споредбен показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2,913,000.00 | 2,958,000.00 | 98.48% |
| 400 | Потрошени материјали | 413,000.00 | 422,000.00 | 97.87% |
| 401 | Потрошена енергија | 430,000.00 | 480,000.00 | 89.58% |
| 403 | Други услуги | 610,000.00 | 613,000.00 | 99.51% |
| 404 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 | 30,000.00 | 83.33% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 450,000.00 | 470,000.00 | 95.74% |
| 408 | Наемнини | 985,000.00 | 943,000.00 | 104.45% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 9,784,000.00 | 9,508,000.00 | 102.90% |
| 410 | Провизија за платен промет | 58,000.00 | 59,000.00 | 98.31% |
| 412 | Премии за осигурување | 60,000.00 | 60,000.00 | 100.00% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1,500,000.00 | 2,300,000.00 | 65.22% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 800,000.00 | 800,000.00 | 100.00% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 6,000.00 | 8,000.00 | 75.00% |
| 416 | Членарини | 4,000.00 | 5,000.00 | 80.00% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 7,050,000.00 | 5,970,000.00 | 118.09% |
| 418 | Останати други расходи | 306,000.00 | 306,000.00 | 100.00% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 941,000.00 | 1,824,000.00 | 51.59% |
| 440 | Средства за градежни објекти-уредување и адаптација | 360,000.00 | 560,000.00 | 64.29% |
| 441 | Средства за опрема | 581,000.00 | 1,264,000.00 | 45.97% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 18,850,000.00 | 17,235,000.00 | 109.37% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 18,850,000.00 | 17,235,000.00 | 109.37% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 512,000.00 | 475,000.00 | 107.79% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 512,000.00 | 475,000.00 | 107.79% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 33,000,000.00 | 32,000,000.00 | 103.13% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 0.00 | 0.00 |

Во врска со доставениот Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2021 година и Споредбените показатели во однос на 2020 година, Ви го презентираме следното **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

## 1. ПРИХОДИ

- **Приходите од камати (конто 720)** се приходи од камати за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенски услуги и истите се планирани во износ од 2.895.000 денари. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2020 година за 16%, поради фактот што при планирањето на оваа приходна ставка земени се во предвид ненаплатените побарувања за камати од претходната 2019 година – во износ од 1.380.000 денари, пресметаните побарувања за камати од тековната 2020 година во износ од околу 1.475.000 денари и планираните приходи од камати за следната 2021 година. При планирањето на оваа приходна ставка го имаме во предвид искуството и праксата при начинот на плаќање на надоместоците од давателите на поштенски услуги низ годините順 наназад.

Во Финансискиот план за 2021 година не се планирани приходи од позитивни банкарски камати за средствата на жиро сметките на Агенцијата, кои во 2020 година беа планирани во износ од 5.000 денари.

- **Приходите од позитивни курсни разлики (конто 721)** се приходи кои се јавуваат при девизни приливи и одливи и истите се планирани во износ од 5.000 денари, износ кој е еднаков со планираниот во 2020 година.
- **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги (конто 750)** се приходи од надоместоците кои давателите на поштенски услуги се должни да ги платат на Агенцијата на годишно ниво согласно Законот за поштенските услуги, а кои се пресметуваат како производ од бројот на поени на секој давател на поштенски услуги и вредноста на поенот.За 2021 година на ова конто се планирани 24.000.000 денари, кои е планирано да се обезбедат од еден давател на поштенски услуги со Индивидуална дозвола и четириесет даватели на поштенски услуги со Општо овластување.Планираниот износ на оваа приходна ставка е еднаков со планираниот износ за 2020 година.
- **Други приходи (конто 760)** се планирани во износ од 1.600.000 денари и истите вклучуваат приходи од надоместоци за службени патувања (кога службените патувања се на товар на организаторот), приходи од меѓународна помош и поддршка во одредени сегменти во функционирањето на Агенцијата и други видови на приходи кои не се опфатени со останатите приходни ставки. Во текот на 2021 година Агенцијата за пошти очекува реализација на проекти со користење на

меѓународните инструменти за помош и поддршка, за кои постапката е започната во тековната година. Планираниот износ на оваа приходна ставка е помал во однос на планираниот износ за 2020 година како резултат на фактот што во текот на 2021 година се очекува помал број на службени патувања во странство кои би биле на товар на организаторот на состанокот/патувањето.

- На **конто 770** е евидентиран **вишокот на приходи од претходната 2020 година** во износ од 4.500.000 денари, чиј точен износ ќе се утврди со Годишната сметка на Агенцијата за 2020 година, а истиот се пренесува во Финансискиот план за 2021 година согласно член 23 став 3 од Законот за поштенските услуги. Овие средства се користат за потребите на редовното работење на Агенцијата во првите месеци од годината, додека не се реализираат побарувањата од давателите на поштенски услуги врз основа на Решенијата за годишен надомест. Планираниот износ на оваа приходна ставка е поголем во однос на планираниот износ за 2020 година за 21,6%, согласно проценките за износот кој би се пренел во 2021 како вишок на приходи утврден врз основа на Годишната сметка за 2020 година. Износот на оваа приходна ставка е резултат на ненавременото плаќање на надоместоците кон Агенцијата од давателите на поштенските услуги, пред се од АД Пошта на Северна Македонија - Скопје, што ја оневозможува целосната реализација на планираните активности во Годишната програма и води кон голем износ на нереализирани финансиски средства, односно кон голем вишок на приходи за пренос во следната година. За сето ова, годинава значајно влијание има и пандемијата на Ковид 19, која директно влијае на финансиската состојба и ликвидноста на давателите на поштенските услуги, а особено на давателот на универзалната услуга АД Пошта на Северна Македонија - Скопје.

## 2. РАСХОДИ

- **Потрошените материјали (конто 400)** се планирани во износ од 413.000 денари и истите вклучуваат: трошоци за гориво за службеното возило кое се користи за вршење на надлежностите за надзор над давателите на поштенски услуги и за останати службени потреби, трошоци за канцелариски материјали, расходи за вода и други комунални услуги поврзани со деловните простории, расходи за весници, списанија и стручна литература за потребите на вработените во Агенцијата, расходи за ситен инвентар и други административни и потрошени материјали утврдени според трошоците за истите во претходната година и проценките за потребите во тековната година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2020 година за 2,1% како резултат на помалиот износ на планирани трошоци за канцелариски материјал и комунални услуги (потрошена вода и ѓубретарина) поради промената на седиштето на Агенцијата во новите деловни простории.

- **Потрошената енергија (конто 401)** вклучува расходи за електрична енергија и кондиционирање (греење/ладење) за деловните простории на Агенцијата. Оваа расходна ставка е планирана во износ од 430.000 денари кој е утврден врз основа на добиените фактури за 2020 година и очекувањата за движење на цените во 2021 година.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал од планираниот износ во 2020 година за 10,4% како резултат на помалиот износ на планирани трошоци за кондиционирање (греење и ладење) поради промената на седиштето на Агенцијата во новите деловни простории.

- **Расходите за други услуги (конто 403)** се планирани во износ од 610.000 денари и истите вклучуваат: расходи за пошта, телефон и интернет, расходи за паркинг простор, регистрација и испитување на службеното возило на Агенцијата, расходи за поправка, сервисирање и одржување на опремата и софтверот на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање за потребите на Агенцијата, расходи за Службен весник на Република Северна Македонија, расходи за чистење на деловните простории и други расходи (изнајмување, дезинфекција и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 0,5%, како резултат на помалиот планиран износ на расходните ставки за пошта, телефон и интернет (во Агенцијата не се користат службени мобилни телефони), за услуги за копирање, печатење и издавање и други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.).

- **Расходите за превозни-транспортни услуги (конто 404)** се планирани во износ од 25.000 денари и истите опфаќаат трошоци за транспортни услуги за потребите на Агенцијата за пошти, поврзани со активностите предвидени во Програмата за работа за 2021 година, а посебно за активностите за надзор и контрола над давателите на поштенски услуги и меѓународната соработка.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 16,7% како резултат на фактот што во 2021 година се очекува помал број на службени патувања.

- **Издатоците за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** се планирани во износ од 450.000 денари и истите вклучуваат трошоци за репрезентација (храна и пијалаци, угостителски услуги и набавка на репрезентативен материјал) и трошоци за реклама и пропаганда.

Овие расходи се во функција на претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор, како и презентирање и информирање на јавноста за работата и надлежностите на Агенцијата во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во Годишната програма за работа на Агенцијата предвидени се низа активности кои наметнуваат потреба од расходи за реклама, пропаганда и репрезентација како што се активностите за организирање на јавни седници и презентирање на работењето, односно презентирање на разни извештаи и анализи изготвени од страна на Агенцијата во насока на јакнење на транспарентноста на Агенцијата, организирање на состаноци со тела кои се вклучени во поштенската проблематика и организирање на билатерални средби со регулатори од поштенската област. Исто така, во текот на 2021 година се планира и веб кампања за подигнување на јавната свест на корисниците на поштенските услуги за правата кои законски им се загарантирани, како и за подобрување на визуелниот идентитет на Агенцијата за пошти. Веб кампањата ќе се реализира преку подготвување на веб-банер кој ќе биде поставен на повеќе национални интернет портали.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 4,3%, како резултат на помалиот износ на планирани расходи за репрезентација.

- **Расходите за наемнини (конто 408)** се планирани во износ од 985.000 денари и истите вклучуваат трошоци за наем на новите деловни простории на Агенцијата.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2020 година за 42.000 денари или 4,5%, како резултат на фактот дека планираниот износ на оваа расходна ставка во претходната година се однесуваше за период од 11 месеци (февруари-декември), додека планираниот износ за 2021 година вклучува расходи за наемнини за цела

календарска година (12 месеци). Имено, во Февруари 2020 година, Агенцијата склучи договор за закуп на нови деловни простории во Градскиот Трговски Центар Скопје, поради фактот што претходните деловни простории не можеа во целост да одговорат на потребите за нормално деловно работење, на зголемениот број на вработени, како и на основните хигиенски потреби (тоалет и вода), а влијаеа и на деловниот имиџ на Агенцијата како независно регулаторно тело основано од државата, имајќи го во предвид фактот дека во претходните деловни простории се влегуваше низ кафетерија.

Во Финансискиот план за 2021 година не се планирани расходите за наемнина за користење на рекламен простор во Градскиот Трговски Центар Скопје, кои во 2020 година беа планирани во износ од 23.000 денари.

- **Провизијата за платен промет (конто 410)** е планирана во износ од 58.000 денари согласно тарифите за провизии за платен промет на банките депоненти на Агенцијата за пошти и провизиите кои се плаќаат при откуп на девизи за службените патувања во странство и при финансиските трансакции со комитенти од странство.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 1,7%, како резултат на помалиот планиран износ за провизија при купопродажба на девизи поради очекуваниот помал број на службени патувања во странство.

- **Расходите за осигурување (конто 412)** се планирани во износ од 60.000 денари и истите вклучуваат осигурување на службените возила и опремата на Агенцијата за пошти, како и колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата. Износот на расходите за осигурување е пресметан врз основа на цените на осигурителните компании за овие видови на осигурување и истиот е планиран во ист износ во однос на 2020 година.
- **Трошоците за службени патувања (конто 413)** вклучуваат трошоци за дневници, сместување, превоз и останати трошоци поврзани со службените патувања во земјата и странство. Овие трошоци се планирани во износ од 1.500.000 денари и се во согласност со активностите предвидени во Програмата за работа за 2021 година. Имено, оваа ставка вклучува расходи за планираните службени патувања во земјата како и службените патувања во странство на Директорот и вработените во Агенцијата за пошти и тоа пленарни седници и работни групи организирани од Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP), тематско учество во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP), соработка со Светскиот поштенски сојуз (UPU), учество на работни состаноци на Европската Комисија, учество на други меѓународни

конференции и настани од областа на регулацијата на пазарот на поштенските услуги, билатерални посети на други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги, како и учество на обуки, работилници и семинари во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 34,8%, како резултат на фактот што Агенцијата во 2021 година очекува помал број на службени патувања во земјата и странство и реализација на голем дел од планираните активности со користење на електронски алатки (on line).

- **Надоместоците на трошоци на работници (конто 414)** се планирани во износ од 800.000 денари согласно предвидените надоместоци во Колективниот договор на Агенцијата за пошти. Оваа расходна ставка опфаќа исплата на парична помош во случај на смрт на вработен, смрт на член на семејно домаќинство, елементарни непогоди, регрес за годишен одмор и други надоместоци на вработените предвидени во Колективниот договор.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е еднаков со планираниот износ во 2020 година.

- **Негативните курсни разлики (конто 415)** се планирани во износ од 6.000 денари и истите се јавуваат при приливи и одливи на девизни средства.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 25%, како резултат на очекуваниот помал број на службени патувања во странство планирани во 2021 година.

- **Расходите за членарини (конто 416)** се планирани во износ од 4.000 денари и истите се однесуваат на трошоците за членарини на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 20%, како резултат на проценките направени врз основа на расходите од 2020 година.

- **Расходите за интелектуални и други услуги (конто 417)** се планирани во износ од 7.050.000 денари и тие вклучуваат: расходи за хост за веб страната на Агенцијата, расходи за ревизија на финансиските извештаи за 2020 година од страна на независен ревизор, расходи за консултантски услуги за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга и за имплементирање на ИСО стандарди во работењето на Агенцијата, расходи за месечните надоместоци и надоместоците на трошоците на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти кои вклучуваат патни трошоци и трошоци за користење на сопствено возило за

службени цели, за 2021 година, пресметани во согласност со "Правилникот за плати и други надоместоци" и „Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата", расходи за надоместоци врз основа на склучени договори за дело за потребите на Агенцијата, трошоци за истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга, расходи за медицински прегледи на вработените, расходи за обуки за стручно усовршување, расходи за превод, расходи за ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања и расходи за други услуги (фотографирање, монтажа и сл.).

Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2020 година за 18,1%, како резултат на поголемиот планиран износ на расходните ставки за услуги за превод (поради планираниот превод на актите на Агенцијата на англиски и албански јазик), расходите за систематски прегледи на вработените, расходите за надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти (поради зголемувањето на просечната исплатена плата во Република Северна Македонија што е основа за пресметување на споменатите надоместоци), расходите за консултантски услуги, пред се услугите за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга и услугите за имплементирање на ИСО стандарди во работењето на Агенцијата, како и расходите за ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања (поради потребата од кадровско доекипирање на стручната служба како резултат на зголемениот обем на работа кој наметнува потреба од ангажирање на дополнителни работници за одредени активности).

- **Останатите (други) расходи (конто 418)** се планирани во износ од 306.000 денари и со нив се опфатени: расходите за објавување на огласи, одлуки и информации за работењето на Агенцијата во дневните весници, расходи за набавка на стандарди од областа на поштенските услуги, трошоци за извршител при присилна наплата на доспеаните побарувања и расходи по основ на камати за задоцнето плаќање на обврските. Овие расходи се планирани во еднаков износ во однос на планираниот износ во 2020 година.
- **Средствата за градежни објекти – уредување и адаптација (конто 440)** се планирани во износ од 360.000 денари согласно планираните потреби за одржување и доуредување на новиот деловен простор, во кој е новото седиште на Агенцијата.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 35,7% како резултат на потребата за

доуредување и одржување на деловниот простор, за разлика од претходната година во која се вршеше уредување и адаптација на истиот.

- **Средствата за опрема (конто 441)** се планирани во износ од 581.000 денари и тие вклучуваат: опремување на деловните простории на Агенцијата со мебел, компјутерска опрема, компјутерски софтвер, како и останата опрема за потребите на редовното работење за извршување на надлежностите и остварување на целите предвидени со Законот за поштенски услуги и Годишната програма за работа во 2021 година, а во насока на јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти.

Планираниот износ на оваа расходна ставка е помал во однос на планираниот износ во 2020 година за 54% поради фактот што во 2020 година Агенцијата планираше набавка на ново службено возило за активностите за надзор и контрола над давателите на поштенски услуги, како и за службените патувања во земјата и странство. Меѓутоа, поради состојбата со Ковид 19 пандемијата и финансиските последици на истата оваа набавка не се реализираше, а истата не се планира ниту во 2021 година, односно е одложена за некоја од следните години.

- **Расходите за плати (конто 460)** се планирани во износ од 18.850.000 денари. Расходите за плати ги вклучуваат платите на Директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата за пошти. Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем во однос на планираниот износ во 2020 година за 9,4%, поради зголемувањето на износот на минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и поради фактот што во текот на 2021 година, согласно Годишниот план за вработување планирани се нови вработувања, унапредувања во рамките на Агенцијата и награда за вработените кои се оценети со оцена „особено се истакнува“ согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти. Јакнењето на институционалните капацитети, односно кадровското доекипирање на стручната служба е планирано врз основа на изработена Функционална анализа од страна на надворешно стручно правно лице. Притоа, не се менува Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти, која е одобрена од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука бр. 08-1338/1 од 18.03.2015.

- **Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се планирани во износ од 512.000 денари и истите вклучуваат расходи по основ на персонален данок за надоместоците кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата за пошти, расходи по основ на персонален данок за надоместоците кои се исплаќаат на вработените согласно Колективниот договор и расходи за персонален данок по основ на договори

за дело и други исплати. Планираниот износ на оваа расходна ставка е поголем од планираниот износ во 2020 година за 7,8%, како резултат на поголемиот износ планиран на расходната ставка за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата, согласно растот на просечната исплатена плата во Република Северна Македонија.

Врз основа на Споредбените показатели за планираните приходи и расходи може да се констатира дека за 2021 година Агенцијата за пошти со Финансискиот план предвидува реализација на вкупни приходи и вкупни трошоци во износ од 33.000.000 денари, износ кој е поголем во однос на планираниот износ за 2020 година за 3,1%.

Ова поради фактот што во 2021 година проценет е поголем износ на приходите од камати за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенски услуги и поголем износ на пренесениот дел од вишокот на приходи од 2020 година. Поголемиот планиран износ на овие приходни ставки е резултат на ненавременото плаќање на надоместоците кон Агенцијата од давателите на поштенските услуги, пред се од АД Пошта на Северна Македонија - Скопје, на кои состојбата предизвикана од пандемијата Ковид 19 имаше значајно влијание на ликвидноста и финансиската состојба.

Сепак, поголемиот вкупен износ на планирани приходи нема да предизвика дополнителен финански товар на давателите на поштенски услуги, односно планираниот износ на приходите од годишните надоместоци кои се наплатуваат од давателите се планирани во износ еднаков со планираниот во 2020 година. Од друга страна, во Годишната програма за 2021 година Агенцијата има планирано низа активности (закуп, доуредување и доопремување на новиот деловен простор, превод на актите на Агенцијата, имплементација на ИСО стандарди во работењето, кадровско доекипирање на стручната служба на Агенцијата врз основа на изработена Функционална анализа и др.), кои не беа предвидени или беа со помал планиран износ во Годишната програма за 2020 година.

Притоа, вредно е да се напомене дека дел од активностите планирано е да се реализираат преку финансиска помош (донација) или преку меѓународните инструменти за помош и поддршка.

↓На страната на трошоците во Финансискиот план за 2021 година, во однос на планираните износи во Финансискиот план за 2020 година, може да се нотифицираат намалувања на следниве расходните ставки:

- Конто 400 – Потрошени материјали за 2,1%,
- Конто 401 – Потрошена енергија за 10,4%,
- Конто 403 – Други услуги за 0,5%,
- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги за 16,7%,
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 4,3%,
- Конто 410 – Провизија за платен промет за 1,7%,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци за 34,8%,

- Конто 415 – Негативни курсни разлики за 25%,
- Конто 416 – Членарини за 20%,
- Конто440 – Средства за градежни објекти – уредување и адаптација за 35,7% и
- Конто 441 – Средства за опрема за 54%.

↔Во Финансискиот план за 2021 година, во однос на Финансискиот план за 2020 година, еднаков износ на страната на трошоците е планиран на следните расходните ставки и тоа:

- Конто 412 – Премии за осигурување,
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на работници и
- Конто 418 – Останати други расходи.

↑Во Финансискиот план за 2021 година, во однос на Финансискиот план за 2020 година, поголем износ на страната на трошоците е планиран на следните расходни ставки:

- Конто 408 – Наемнини за 42.000 денари или 4,5%, како резултат на фактот дека планираниот износ на оваа расходна ставка во претходната година се однесуваше за период од 11 месеци (Февруари-Декември), додека планираниот износ за 2021 година вклучува расходи за наемнини за цела календарска година (12 месеци),
- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 18,1%, како резултат на поголемиот планиран износ на расходните ставки за услуги за превод (поради планираниот превод на актите на Агенцијата на англиски и албански јазик), расходите за систематски прегледи на вработените, расходите за надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти (поради зголемувањето на просечната исплатена плата во Република Северна Македонија што е основа за пресметување на споменатите надоместоци), расходите за консултантски услуги, пред се услугите за следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга и услугите за имплементирање на ИСО стандарди во работењето на Агенцијата, како и расходите за ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања (поради потребата од кадровско доекипирање на стручната служба како резултат на зголемениот обем на работа кој наметнува потреба од ангажирање на дополнителни работници за одредени активности).
- Конто 460 – Вкалкулирани плати за 9,4%, поради зголемувањето на износот на минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и поради фактот што во текот на 2021

година, согласно Годишниот план за вработување планирани се нови вработувања, унапредувања во рамките на Агенцијата и награда за вработените кои се оценети со оцена „особено се истакнува" согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти. Јакнењето на институционалните капацитети, односно кадровското доекипирање на стручната служба е планирано врз основа на изработена Функционална анализа од страна на надворешно стручно правно лице. Притоа, не се менува Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти, која е одобрена од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука бр. 08-1338/1 од 18.03.2015 и

- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 7,8%, како резултат на поголемиот износ планиран на расходната ставка за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата, согласно растот на просечната исплатена плата во Република Северна Македонија.